# *PROOFMATE® Z-Foil*

**Својства:**

*PROOFMATE Z-Foil* е 1.5-мм дебела мембранска фолија на база на EPDM (етилен пропилен диен кополимер).

*PROOFMATE Z* се користи за хидроизолациони слоеви во ѕидарии во сообразност со DIN 1053.

*PROOFMATE Z-Foil* ја има истата материјална основа како и *PROOFMATE FD-Foil* и според тоа може да се интегрира во системот *PROOFMATE FD* сосема едноставно по пат на прилепување со *PROOFMATE F & RV.* Со ова, се постигнува притисочно водонепропусно заптивање од подрум до праг од врата.

**Технички податоци:**

| | |
|---|---|
| Дебелина | 1.5 мм (1.2 мм на барање) |
| Должина | 20 м |
| Широчина | 125, 175, 200, 250, 300, 400, 500, 750, 1000 мм |
| Тврдост | 65 ± 5 (според Shore A type; DIN 53505, ISO 7619) |
| Отпорност на температура | 150ºЦ / привремено 220ºЦ |
| Јакост на затегнување | 7 MPa |
| Издолжување при прекин | 400 % |
| Отпорност на пораст на кинење | 10 N/mm |
| Коефициент на дифузиона отпорност $H_2O$ | Приближно 31000 µ |
| Однесување при собирање | <0.5 % |
| <u>Стареење 7д /100º рел.пром.</u><br>Тврдост<br>Затегнувачка јакост<br>Издолжување при прекин | <br>± 5 (според Shore A type)<br>± 10 %<br>± 25 % |

**Процесирање:**

Внатрешното лице од фасадни обложни работи или ѕидарија со двоструко лице мораат да бидат заштитени против пробивање на влага врз основните точки и врз надвратници и надпрозорници. Оттаму *PROOFMATE Z-Foil* мора да се положува во нагиб во областа/површината од меѓупросторот и надвор хоризонтално под надворешното лице сè до неговиот надворешен раб.

Прицврстувањето кон внатрешното лице или поврзување кон постојна подрумска заптивка со системот *PROOFMATE FD* се извршува преку прилепување со *PROOFMATE F* и соодветно рабно заптивање со *PROOFMATE RV* (да се види листата со технички податоци за системот *PROOFMATE FD*).

*PROOFMATE Z-Foil* мора или да биде потпрена со клиновидна изолација или со закосен малтер нпр. направен со F3000.

**Молиме забележете:**

Соодветно техничко-технолошко знаење е потребно при примената (нанесувањето) на *PROOFMATE Z-Foil.* Доколку има било каква несигурност или неизвесност околу извршувањето на заптивањето на било какви посебни конструкции, ве молиме контактирајте некој од нашите технички консултанти на телефонските броеви дадени подолу.

Правилна и како резултат успешна употреба на нашите производи е надвор од наша контрола. Поради оваа причина, ние единствено можеме да го гарантираме квалитетот на нашите производи во рамките на нашите Услови на продажба и испорака, меѓутоа, не за нивно успешно процесирање. Сите податоци и информации во овие инструкции се базираат на најновите техничко-технолошки достигнувања, но ние недвосмислено си го задржуваме правото да правиме модификации или адаптации на развојот. Податоците за потрошувачка, наведени од нас, можат да бидат само како просечни вредности од искуство, отстапувања во одделни случаи се можни па според тоа истите не можат да се исклучат.